# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА<br>ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА | О Х Р И Д<br>02.03.2006<br>БРОЈ 2 ГОДИНА 41 | |
|---|---|---|



## С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Советот на општина Охрид за 2005 година | **2** |
| **2.** | Извештајот за работа на Советот на општина Охрид за 2005 година | **3** |
| **3.** | Одлука за усвојување на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2006 година | **8** |
| **4.** | Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2006 година | **8** |
| **5.** | Заклучок за доставување информација за динамиката на донесување на урбанистичките планови | **13** |
| **6.** | Одлука за продажба на основно средство | **14** |
| **7.** | Заклучок со кој се задолжува градоначалникот при формирањето на Комисијата за лицитација на бродот „Галеб„ да именува член од Комисијата за финансии и буџет | **15** |
| **8.** | Заклучок по повод Информацијата за поставување статуа со ликот на Холандскиот писател A.den Doolaard | **15** |
| **9.** | Одлука за именување член во Управниот одбор на ЈЗО Здравствен дом Охрид | **16** |
| **10.** | Одлука за експропријација на земјиште | **17** |
| **11.** | Одлука за усвојување на план за намалување на бројот на животни скитници на подрачјето на град Охрид | **18** |
| **12.** | План за намалување на бројот на животни скитници на подрачјето на град Охрид | **19** |
| **13.** | Заклучок за формирање на кризен штаб | **20** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2005 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Советот на општина Охрид за 2005 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година.

**Број 08-290/1**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2005 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за работа на Советот на општина Охрид за 2005 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен гласник на општина Охрид*.

**Број 07-290/1**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година, го донесе следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**ЗА 2005 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид се конституира на 21.04.2005 година. Во текот на работењето во 2005 година, сметано од месец Април заклучно со месец Декември одржани се 11 седници. Вкупниот број на одлуки, заклучоци, програми и извештаи може да се проследи низ дадениот преглед:

**1-ва седница 01.04.2005 година**
1. Избор на верификациона комисија
2. Заклучок за верификација на мандатите на членовите

**2-ра седница 04.05.2005 година**
1.Верификација на мандатите на членовите на Советот и решенија
2. Решение за избор на претседател на Советот на општина Охрид

**3-та седница 19.05.2005 година**
1. Одлука за затворање на сметките на општина Косел
2. Одлука за префрлување на имотот на општина Косел на општина Охрид
3. Одлука за отворање трезорска сметка на општина Косел
4. Решение за избор на Статутарно правна комисија
5. Решение за избор на Комисија за мандатни прашања – избори и именувања
6. Решение за избор на Комисија за финансии и буџет
7. Решение за избор на Комисија за јавни и комунални дејности
8. Решение за избор на Комисија за урбанизам
9. Решение за избор на Комисија за општествени дејности
10. Решение за избор на Комисија за туризам
11. Решение за избор на Комисија за месна самоуправа
12. Решение за избор на Комисија за празници и манифестации и за доделување награди и признанија
13. Решение за избор на Комисија за заштита на животната средина
14. Решение за определување членови на Советот за склучување бракови

На дневен ред на седницата беа поставени четири точки од кои донесени се три одлуки и 11 решенија.

**4-та седница 16.06.2005 година**
1. Одлука за пристапување кон измена на Статутот
2. Одлука за организирање режим на сообраќај во ЦГП
3. Програма за активностите на отворен простор во ЦГП за време на туристичката сезона
4. Одлука за затворање на сметките на општина Косел
5. Одлука за давање согласност на извештајот за остварените резултати од работењето

на ЈП „Охридски Комуналец„ по годишната сметка за 2004 година
6. Одлука за давање согласност на одлуката на УО на ЈП „Охридски Комуналец„ за усвојување на планот за работа за 2005 година
7. Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишната сметка на ЈП „Охридски Комуналец„ за 2004 година

На дневен ред беа поставени 7 точки од кои 6 одлуки беа донесени и 1 програма.

**5-та седница 30.06.2005 година**

1. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на општина Охрид
2. Одлука за организација на општинската администрација
3. Програма за инвестиции и одржување на локалната самоуправа за 2005 година со заклучоци
4. Одлука за измена и дополнување на буџетот на општина Охрид за 2005 година
5. Одлука за измена на одлуката за извршување на буџетот на општина Охрид за 2005 година
6. Одлука за усвојување завршната сметка на општина Косел за 2005 година
7. Одлука за преземање основачки права над основните училишта на општина Охрид
8. Одлука за преземање основачки права над јавните средни училишта на општина Охрид
9. Програма за изработка урбанистички планови на општина Охрид за 2005 година
10. Извештај за степенот на реализација на програмата за изработка урбанистички планови на општина Охрид за 2004 година
11. Одлука за измена и дополнување на ДУП за дел од населено место Пештани урбан модул 1 општина Охрид 2004 – 2009 година
12. Одлука за донесување ДУП урбан блок Пештани општина Охрид

Од 14 предложени точки 2 точки се повлечени и донесени се 9 одлуки, 2 програми и 1 извештај.

**6-та седница 09.08.2005 година**

1. Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за истакнување реклами, објави и огласи на јавни места
2. Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење простор за паркирање моторни возила
3. Одлука за утврдување на висината на комуналната такса закористење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли
4. Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба
5. Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за поставување витрини за изложување стоки надвор од деловни простории
6. Одлука за утврдување на стапките на данокот на наследство и подарок
7. Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење на плоштадите и друг простор во градот и други населени места
8. Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност
9. Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење музика во јавни локали
10. Одлука за утврдување на висината на данок на промет на недвижности
11. Одлука за формирање комисија за утврдување пазарна вредност на недвижен имот
12. Одлука за изменување на распоредот на средствата во програмата М-1 детски градинки 2005 година

13. Програма за одбележување празници и манифестации за 2005 година
14. Одлука за донесување ДУП за дел од 6-та УЕ урбан модул 3 2004-2009
15. Одлука за донесување ДУП за дел од ПЦГП Охрид урбан модул 1 2004-2009
16. Одлука за донесување на измени и дополнување на ГУП на град Охрид за дел од ЦГП урбан блок меѓу улиците Туристичка, Партизанска, Македонски просветители и Јане Сандански
17. Одлука за донесување ДУП за 4-та УЕ МЗ Воска дел југ Охрид 2002-2007
18. Одлука за донесување на ДУП урбан блок 2 Пештани општина Охрид 2004-2009
19. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти

На дневен ред беа поставени 19 точки,

**7-ма седница 25.08.2005 година**

1. Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2005 година
2. Одлука за организирање на режимот за сообраќај во општина Охрид
3. Заклучок по повод Информацијата на Советот за безбедност на сообраќај на општина Охрид
4. Заклучок по повод Информацијата за поставување на споменик на Патронот на Охрид Св.Климент Охридски
5. Советнички прашања

На дневен ред на седницата беа поставени три точки, дневниот ред беше дополнет со уште две точки и беше донесена една одлука, една програма и два заклучока.

**8-ма седница 12.10.2005 година**

1. Одлука за надоместок на трочоците за избори на организаторите на изборната кампања за избор на советници и градоначалник во 2005 година
2. Одлука за формирање Партиципативно тело
3. Одлука за определување работно време на угостителските објекти
4. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за добивање лиценца за вршење угостителска дејност
5. Одлуки за усвојување на годишните програми за работа на средните училишта во општина Охрид
6. Одлуки за усвојување на годишните програми за работа на основните училишта во општина Охрид
7. Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во ОУ во општина Охрид
8. Заклучок за прифаќање на Информацијата за состојбите и функционалноста на училишната мрежа во основното образование во општина Охрид
9. Одлука за општински превоз на патници во општина Охрид
10. Заклучок за прифаќање на Информацијата за средствата од наплата на паркинг просторот со кој стопанисуваше ЈП „Охридски Комуналец„ и остварените средства од службата „Пајак„
11. Заклучок за прифаќање на Информацијата за стопанисување со спортскиоте објекти „Билјанини извори„
12. Одлуки за пристапување кон донесување на Статут на општина Охрид и заклучоци

На дневен ред на седницата поставени се 12 точки и донесени се 9 одлуки и 3 заклучоци по повод доставените информации.

**9-та седница 28.11 2005 година**

1. Одлука за измена и дополнување на буџетот на општина Охрид за 2005 година
2. Одлуки за именување членови на училишните одбори во основните училишта во општина Охрид
3. Одлуки за разрешување членови на училишните одбори во основните училишта во општина Охрид
4. Одлука за именување членови во Управниот одбор на ЈП „Охридски комуналец„
5. Одлука за именување членови во Одборот за контрола на материјално финансиското работење на ЈП за комунални дејности „Охридски Комуналец„
6. Одлука за именување членови во Управниот одбор на МЈП „Проаква„
7. Одлука за именување членови во Одборот за контрола на материјално финансиското работење на МЈП „Проаква„
8. Одлуки за именување членови за училишните одбори во средните училишта во општина Охрид
9. Одлука за именување член во УО во Центарот за социјални грижи Охрид
10. Одлука за измена на Одлуката за авто такси превоз на патници во општина Охрид
11. Правилник за поставување опрема на јавни пешачки површини
12. Одлука за именување членови во УО на ЈУДИГ „Јасна Ристеска„ Охрид
13. Одлука за утврдување нацрт ДУП за дел од 7-ма УЕ - урбан модул 1 Охрид
14. Оперативна програма за одржување на улиците и локалните патишта на подрачјето на општина Охрид во зимскиот период
15. Одлука за преземање основачки права и обврски на Детската градинка „Јасна Ристеска„ и право на сопственост на објектите.
16. Одлука за поведување иницијатива за склучување спогодба за соработка меѓу Охрид и Птуј, Република Словенија
17. Заклучок за прифаќање на информацијата за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ за период јануари - септември 2005 година
18. Заклучок за прифаќање на информацијата за реализација на Програмата на Одделението за комунален развој во 2005 година

На седницата поставени се 29 точки и донесени се 24 одлуки, 1 правилник, 1 оперативна програма и 2 заклучоци.

**10-та седница 29.12.2005 година**

1. Одлука за донесување ДУП за дел од ПЦГП Охрид Охрид урбан модул 2 и урбан модул 4
2. Одлука за донесување ДУП за дел од 2-ра УЕ
3. Одлука за донесување ДУП за дел од 6-ра УЕ
4. Одлука за утврдување на стапката на данокот на имот
5. Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид
6. Заклучок
7. Одлука за измена и дополнување на буџетот на општина Охрид за 2005 година
8. Одлука за измена и дополнување на буџетот на општина Охрид за 2005 година
9. Одлука за извршување на буџетот на општина Охрид за 2006 година

На седницата поставени се 9 точки од кои донесени се 7 одлуки и 2 заклучоци.

**11-та седница 30.12.2005 година**

1. Експозе на Градоначалникот за неговата работа во 2005 година

| седница | точка на дневен ред | одлуки | заклучоци | програми | информации - извештаи | решенија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва | 2 | - | 1 | - | - | - |
| Втора | 2 | - | - | - | - | 1 |
| Трета | 4 | 3 | - | - | - | 11 |
| Четврта | 7 | 6 | - | 1 | - | - |
| Петта | 14-2 повлечени | 9 | - | 2 | 1 | - |
| Шеста | 19 | 18 | - | 1 | - | - |
| Седма | 3 дополнети со 2 | 1 | 2 | 1 | - | - |
| Осма | 12 | 9 | 3 | - | - | - |
| Деветта | 29 | 24 | 2 | 2 | - | - |
| Десетта | 9 | 7 | 2 | - | - | - |
| Единаесетта | 1 | - | - | - | 1 | - |
| Вкупно 11 | 102 | 77 | 10 | 7 | 2 | 12 |

**Број 07-290/1**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за РАБОТА НА Советот на општина Охрид за 2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година.

**Број 08-290/2**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 42 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2006 година

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен гласник на општина Охрид*.

**Број 07-290/2**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 42 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2006 Г.**

Советот на општина Охрид, во согласност со одредбите од Статутот на општината и надлежностите на Советот, програмски ја определува и насочува својата работа со цел да обезбеди услови и можности за целосно и ефикасно остварување на своите функции, благовремено подготвување на предвидените материјали во одредените рокови од утврдените изготвувачи. Притоа, основна задача е да се утврдат најактуелните прашања од животот на граѓаните низ кои ќе се обезбеди натамошен развој на општината Охрид.

**ПРВО ТРИМЕСЕЧИЕ Јануари - Март**

1. Програма за изработка на урбанистички планови на општина Охрид во 2006 година

2. Програма за инвестиции и одржување на општина Охрид за 2006 година

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој

3. Програма за одбелечување прослави и манифестации за 2006 година
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за прослави и манифестации и доделување награди и признанија

4. Програма за инвестициони работи и тековно одржување на објектите на МЈП „Проаква„
ИЗГОТВУВАЧ: МЈП „Проаква„

5. Информација за работата на Советот на општина Охрид за 2005 година
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за правни и општи работи

6. Програма за работа на Советот во 2006 година
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за правни, финансиски, јавни и општи работи

7. Усвојување на завршната сметка на буџетот на општина Охрид и финансиски извештај за 2005 година
- План за ревизија за 2006 година
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии и буџет

8. Усвојување на Статутот на ЈОУ за деца „Јасна Ристеска„ - Охрид

9. Усвојување на завршната сметка на ЈОУ за деца „Јасна Ристеска„ - Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: ЈОУ за деца „Јасна Ристеска„ - Охрид

10. Усвојување на завршната сметка на основните и средните училишта
ИЗГОТВУВАЧ: Основни и средни училишта

11. Извештај за работењето во 2005 година и завршна сметка на ЈП „Охридски Комуналец„ - Охрид во 2005 година
ИЗГОТВУВАЧ: Стручна служба на ЈП „Охридски Комуналец„

12. Извештај за работењето во 2005 година и завршна сметка на МЈП „Проаква„ - Струга во 2005 година
ИЗГОТВУВАЧ: Стручна служба на МЈП „Проаква„ - Струга

13. Информација за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Охрид во 2005 година
ИЗГОТВУВАЧ: СВР ОХРИД

14. Урбанистички решенија
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој

15. Основање Агенција за развој на туризмот
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој

16. Информација за функционирањето на здравствената мрежа на подрачјето на општина Охрид
    ИЗГОТВУВАЧ: ЈЗУ Општа болница Охрид
    ЈЗУ Здравствен дом Охрид и Фонд за здравство

17. Информација за економската состојба во општина Охрид
    ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација

18. Советнички прашања

**ВТОРО ТРИМЕСЕЧИЕ Април - Јуни**

1. Извештај за остварени приходи и реализација на буџетот, период 1 - 3 месец 2006 година
   - Ребаланс по потреба
   ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии и буџет

2. Информација за подготовките за претстојната туристичка сезона 2006 година
   ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој

3. Информација за користењето и одржувањето на јавниот простор за паркирање
   ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Охридски Комуналец„ - Охрид

4. Информација за заштита од пожари за подрачјето на општина Охрид
   ИЗГОТВУВАЧ: Територијална противпожарна единица на општина Охрид

5. Информација за извршувањето на надлежностите од страна на Градоначалникот
   ИЗГОТВУВАЧ: Стручна служба

6. Урбанистички решенија
   ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој

7. Програма за уредување на крајбрежниот појас и плажите
   ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за туризам и локален економски развој

8. Режим на сообраќајот во централното градско подрачје во текот на летната сезона
   ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунален развој и сообраќај

9. Советнички прашања

**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ Јули - Септември**

1. Урбанистички решенија
   ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој

2. Извештај за реализација на буџетот за првата половина од 2006 година
   - Извештај за приходи - прва половина
   ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии и буџет

3. Информација за работењето на комуналната и сообраќајната инспекција
   ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунален развој и сообраќај

4. Годишен извештај за работата на ЈОУ за деца „Јасна Ристеска„ - Охрид за 2005 - 2006 година

5. Годишна програма за работата на ЈОУ за деца „Јасна Ристеска„ - Охрид за 2005 - 2006 година
   ИЗГОТВУВАЧ: ЈОУ за деца „Јасна Ристеска„ - Охрид

6. Годишен извештај за работата на основните и средните училишта за 2005 - 2006 година

7. Годишна програма за работата на основните и средните училишта за 2005 - 2006 година
   ИЗГОТВУВАЧ: Основни и средни училишта

8. Советнички прашања

**ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧИЕ Октомври - Декември**

1. Извештај за реализација на буџетот 1 - 9 месец 2006 година

2. Извештај за приходи 1 - 9 месец
   ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии и буџет

3. Информација за резултатите од туристичката сезона и наплата на туристичка такса 2006 година
   ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за туризам

4. Програма за одржување на улиците и локалните патишта на подрачјето на општина Охрид во зимскиот период
   ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунален развој и сообраќај

5. Донесување на буџет за 2007 година

6. Одлука за извршување на буџетот

7. Ребаланс - по потреба
   ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии и буџет

8. Урбанистички решенија

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој

9. Извештај за наплатата на комуналната такса од користење на површини за сезонски активности на отворен простор - маси, столови, детски реквизити и др.

10. Извештај за наплатата на комуналната такса за користење простор пред деловни простории; за користење на музика во јавни локали; за поставување витрини за изложување на стоки надвор од деловни простории; за користење плоштади и друг простор во градот; за кампови; шатори и друга опрема; за истакнување реклами; објави; огласи на јавни места; за користење на улиците со патнички товарни возила, автобуси и др.; за користење на простор за паркирање на моторни возила.

11. Извештај од наплатата од данокот за наследство и подарок, и данок на промет на недвижности.
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за даноци и комунални такси

12. Информација за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Охрид во 2006 година
ИЗГОТВУВАЧ: СВР Охрид

13. Советнички прашања

14. Информација за извршувањето на надлежностите од страна на Градоначалникот
ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација

15. Информација за работењето на комуналната и сообраќајната инспекција
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунален развој и сообраќај

Во текот на 2006 година Советот ќе расправа и по други материјали иницирани согласно новите законски и статутарни надлежности.

Советот ќе расправа и по други прашања од негова надлежност по материјали поднесени од овластени поднесувачи и по предлози за избори и именувања од негова надлежност.

**Број 07-290/2**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид

(*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година.

**Број 08-290/2-1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**24.02.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 24.02.2006 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува Општинската администрација да достави информација за динамиката за донесување на урбанистичките планови, кои планови и во кое време ќе бидат донесени.

**Број 07-290/2-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**24.02.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА**
**ПРОДАЖБА НА ОСНОВНО СРЕДСТВО**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за продажба на основно средство, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година.

**Број 08-290/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**24.02.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 10 и 66 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА ПРОДАЖБА НА ОСНОВНО СРЕДСТВО

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за продажба на основното средство пловен објект – бродот „Галеб„.

**Член 2**

Продажбата на бродот „Галеб„ ќе се врши по пат на јавно наддавање и почетната цена на наддавањето ќе изнесува **120.000 евра.**

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот да формира Комисија што ќе го спроведе јавното наддавање.

**Член 4**

Финансиските средства добиени од продажбата да се инвестираат во стекнување на нови средства.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во *Службен гласник на општина Охрид*.

**Број 07-290/3**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година.

**Број 08-290/3-1**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 24.02.2006 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува Градоначалникот при формирањето на Комисијата за лицитација и продажба на бродот „Галеб„ задолжително да именува член од Комисијата за финансии и буџет и еден член од опозицијата.

**Број 07-290/3-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**24.02.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година.

**Број 08-290/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**24.02.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид расправајќи по Информацијата за поставување статуа со ликот на холандскиот писател A.den Doolaard, на седницата одржана на ден 24.02.2006 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува Градоначалникот и Општинската администрација да ги преземат сите дејствија и во консултација со стручни и компетентни лица од областа на литературата да дадат мислење покрај доприносот на книгата за промоција на Охрид од Македонија и за уметничките и историските аспекти на истата.

**Број 07-290/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**24.02.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА**
**ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА**
**ЈЗО ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за именување член во Управниот одбор на ЈЗО Здравствен дом - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година.

**Број 08-290/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**24.02.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 42 точка 5 од Статутот на општина Охрид како и член 16 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (*Сл.весник на РМ* бр.10/04), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА**
**ЈЗО ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ОХРИД**

**Член 1**

За член во Управниот одбор на Јавната здравствена установа – Здравствен дом Охрид, **СЕ ИМЕНУВА** Ѓорѓи Трпчески, дипл.правник.

**Член 2**

Примерок од оваа Одлука да се достави до именованиот и до Јавната здравствена установа – Здравствен дом Охрид.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен гласник на општина Охрид*.

**Број 07-290/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**24.02.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за експропријација на земјиште, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година.

**Број 08-290/5**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 2 став 1 точка 11 од Законот за експропријација (*Сл.весник на РМ* бр.33/95) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕ

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за поведување постапка за експропријација на нови површини за проширување на локацијата во новите Градски гробишта.

**Член 2**

За проширување на локацијата на Градските гробишта да се експроприраат следните катастарски парцели: Кп.бр.1127/2 со Р=3330м2, Кп.бр.1127/4 со Р=1755м2, Кп.бр.1101/1 со Р=2990м2, Кп.бр.1101/2 со Р=1417м2, сите во КО Велгошти и Кп.бр.998/6 со Р=827м2, Кп.бр.1001 со Р=562м2 и Кп.бр.1002 со Р=137м2 во КО Лескоец.

**Член 3**

Средствата потребни за експропријација на земјиштето, како краен корисник, да ги обезбеди Општина Охрид.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во *Службен гласник на општина Охрид*.

**Број 07-290/6**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на планот за намалување на бројот на животни скитници на подрачјето на град Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година.

**Број 08-290/7**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 42 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Планот за намалување на бројот на животни скитници на подрачјето на град Охрид.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен гласник на општина Охрид*.

**Број 07-290/7**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година донесе:

**П Л А Н**
**ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ОХРИД**

Како една од основните дејности на Јавното претпријатие „Охридски Комуналец„ Охрид стои ерадикција на животни скитници под што се подразбира уништување на животни скитници кои не се врзани или немаат сопственик.

Во член 111 од Одлуката за комунален ред на Општина Охрид стои дека оваа операција ја извршува ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид. Заради низа објективни и субјективни причини ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид досега немаше доставено елаборат во којна хуман начин и согласно позитивните законски прописи ќе се регулира оваа операција. Иако во член 112 од Одлуката за комунален ред на Општина Охрид на ЈП „Охридски Комуналец„ Охрид му е овозможено оваа операција да ја извршува со еутанизација (успивање до усмртување) или пак да се уништуваат на друг начин, сепак овој начин на третирање на животните скитници се прави на несоодветен начин без соодветна опрема.

Анализирајќи ги модерните европски начини стручните служби во ЈП „Охридски Комуналец„ во соработка со неколку ветеринарни станици, а посебно со „Прима Вет„ предлага во иднина овој проблем да се решава на начин познат како „нештетно отстранување„.

*Овој начин на третирање на животните скитници *нештетно отстранување* најчесто заради скромниот буџет го практикуваат земји во транзиција. При употреба на оваа опција покрај стандардното возило пикап и двајцата обучени заловувачи со С.С.С. по фаќањето на животните скитници третманотт продолжува со носење на заловените животни во специјални боксови.

Вака заловените кучиња се прегледуваат од ветеринар при што здравите кучиња се чуваат 7 дена, а болните веднаш се еутанизираат. Заловените кучиња на кои има маркица со која е потврдува сопственоста ќе се вратат на сопственикот при што се плаќа надомест за извршена постапка и чување на кучињата. Останатите кучиња кои немаат маркица а се здрави, во овј период (7 дена) ќе се понудат за превземање од граѓани и установи кои се заинтересирани за истото. После овој период сите кучиња ќе бидат еутанизирани по хуман пат.

При ваквиот начин потребни се следните средства:

- набавка на возило ПИК УП ПЕУГЕОТ 1.9 Д......................11.490 евра
- вакцинирање.........................................................................200,00 денари
- еутанизација (операција)..................................500,00 до 1.000,00 денари
- чување на кучиња на ден..................................................100,00 ден/куче
- Бокс за чување на кучиња.............................................20.000,00 денари

**Број 07-290/7**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година.

**Број 08-290/8**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.02.2006 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да формира кризен штаб со компетентни лица за превенција од дисеминација на вирусот H-5 N-1.

**Број 07-290/8**
**24.02.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**